Марија ДРАКУЛОВСКА-ЧУКАЛЕВСКА УДК: 316.774:304-027.511(497.7)

# ПЕЧАТЕНИТЕ МЕДИУМИ И ИНФОРМИРАЊЕТО ЗА ПРОЦЕСИТЕ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

***Кратка содржина***

*Различниот профил на печатени медиуми го условуваат и различниот степен на информирање за процесите на глобализацијата. Во анализираните весници на македонскиот медиумски простор утврдивме дека, тие многу малку јавноста ја информираат за овие процеси и на различни начини.*

*Наведената констатација, сама по себе, преку содржината и облиците на информирање доведува до тоа печатот да е само средство за трансмисија на процесите на глобализацијата, а помалку како средство за нивно обликување, за обликување на една глобална култура и свест. Содржинската и жанровската компонента во информирањето се показатели на развиеноста на едно општество и неговиот систем. Во тој контекст се вклучува и прашањето за изворите на информирањето за процесите на глобализацијата. Отвореноста на информацискиот систем зависи од отвореноста на целиот општествен систем. Не е доволно изворите да се отворени, доколку јавноста не е во можност, преку средствата за масовно комуницирање, да биде информирана што се случува во светот. Општиот заклучок е дека има потреба масмедиумите да се насочат кон преобразување на вообичаените начини на информирање и да користат пошироки извори на информирање, во смисла на размена на мислења и ставови. Треба да се има предвид дека информациите воопшто, па и информациите за процесите на глобализацијата, се комплексна категорија која се уште се создава.*

**Клучни зборови:** *ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ, ГЛОБАЛИЗАЦИЈА, ГЛОБАЛНА КУЛТУРА, ИНФОРМИРАЊЕ, ИНФОРМАЦИЈА.*

Денис Меквејл масмедиумите ги дефинира и објаснува како *збир на активности кои создаваат медиумска содржина, вклучуваат посебни технолошки конфигурации, врзани за формални институции кои функционираат според одредени закони, правила и сфаќања, пренесувајќи информации, забава, слики и симболи до масовната публика.*[1]

---

[1] Lorimer Rolend, Masovne komunikacije, Clio, Beograd, 1999, str. 43.

Оваа дефиниција и се однесува и на печатените медиуми. Масмедиумите, поточно, печатените медиуми најмногу, информираат за економската глобализација и глобалните светски институции, а потоа за политичката, културната глобализација, односите на локално-глобално, анти-глобализацијата, глобалните климатски промени. Со тоа тие на свој специфичен начин ја отсликуваат глобализацијата воопшто, па и одделните нејзини аспекти.

Преку содржините на информациите за глобализацијата и нејзините процеси пренесени преку масмедиумите, се постигнуваа она што на друг начин не е можно да се влијае на милиони луѓе. Со таквото влијание тие се дел од глобализацијата и нејзините процеси, затоа што многумина автори меѓу кои и Ентони Гиденс сметаат дека масмедиумите имаат глобализирачко дејство и тоа е всушност процесот на културната глобализација. Така еден коментатор уште во делечната 1892 година напишал: Жителот на најоддалеченото село подобро ги разбира современите глобални случувања, отколку некој преседател на влада сто години порано. Селанецот кој чита весници истовремено се интересира за теми : како што се револуција во Чиле, војна во дивината на источна Африка и сл.[2] Луѓето не само што се запознати со регионалниот и глобалниот развој, туку и повеќе се информирани од нивните претходни генерации, бидејќи имаат пристап до масмедиумите и, на тој начин, тие ги прошируваат своите хоризонти за сопственото, но и за другите општества.

Тоа значи дека делувањето и живеењето во одвоени светови, национални држави, религии, региони, континенти се надминуваат, благодарение на масмедиумите кои ја прават глобализацијата возможна без никаков напор. Поединците и општествените групи ги преминуваат географските граници, стапувајќи во меѓусебна интеракција и разменувајќи ги нивните социјални и културни искуства.

Во социолошкиот дискурс преовладуваат неколку поопшти оценки за информирањето и влијанието на масмедиумите за процесите на глобализацијата во рамките на едно општеството. Позитивните оценки се однесуваат на тоа дека масмедиумите обезбедуваат концензус и континуитет на општествата како и нивно интегрирање во глобалното светското општество и прифаќање на глобалните процеси. А, оценките кои се критички, сметаат дека масмедиумите информирајќи за процесите на глобализацијата т.е глобалната масовна култура ги разурнуваат традиционалните вредности и културните

[2] Entoni Gidens, Posledice modernosti, Filip Višni, Beograd, 1998, str. 80.

идентитети, создавајќи лажни илузии за општеството, наметнувајќи други културни вредности и идентитети. Но, и покрај критиките, големото влијание на масмедиумите на поединците и општествените групи им овозможува нови начини на посматрање и перцепирање на светот, а тоа не значи губење на националната култура и идентитет. Тоа е пред сè, живеење и прифаќање на светот како *свет без граници.*

Имено, теорискиот став дека масовното информирање е еден од најзначајните фактори на создавање на глобалниот светски простор, па оттука нашето истражување е во функција на добивање на поконкретни сознанија за улогата и значењето на печатените медиуми како средства за информирање во Република Македонија и утврдувањето на нивното влијание за создавање на соодветна свест за глобалните процеси.

Со анализата опфативме македонски изданија на дневно-информативни весници („Нова Македонија" како наш прв дневен весник, „Дневник" и „Утрински весник" како најтиражни весници, па во таа смисла и највлијателни) и весници кои излегуваат еднаш во неделата („Капитал", „Македонско сонце", „Актуел" и „Форум", кои беа избрани поради својата различна содржинска структура и политичка насоченост). Имавме намера да ги анализираме одредени албански печатени медиуми меѓутоа, наидовме на одредени пречки во поглед на пружањето на неопходната помош од нивните редакции кои неможеа да ни овозможат превод од албански јазик. Во таа смисла се надеваме дека во една слична идна анализа ќе ги опфатиме и овие медиуми.

Периодот што таа анализа го опфаќа е од 1996 до крајот на 2003 година, период во кој се појавија и најголем број на нови дневни и неделни печатени медиуми. Некои од тие медиуми се анализирани од почетокот на нивното појавување.

Основни методолошки постапки кои ги применивме, во согласност со предметот, целите и хипотезите на нашето истражување е методот на анализа на содржина.

Употребениот категоријални систем е резултат на претходен детален преглед на основните извори на материјалот. Формиравме четири видови на категории кои се однесуваат на аспектите на информирањето: 1. категорија на *содржината* – она ***што*** *е речено;* 2. категорија на *обликот на содржината –* ***како*** *е нешто речено;* 3. категорија на *изворите* на информирањето; и 4.категорија

на *внатрешната структура на информациите*. Со првата категорија на содржината се испитува тематиката на информирање. Категоријата на обликот на содржината се однесува на информативните облици или форми на текст односно жанровите на информирање. Категоријата на изворите на информирањето се однесува на тоа дали информацијата е примарна т.е добиена од одредени субјекти и институции во општеството или пак, таа е секундарна, т.е. преземена од други медиуми најчесто странски.

Категоријата на содржината на внатрешната структура на информациите се однесува на: **а.** соопштенијата на конкратни факти за глобализацијата; **б**. објаснувањето и толкувањето на тие факти; **в**.анализа на тие факти и нивно воопштување и **г.** информирањето за глобалните тенденции во општеството.[3]

За секоја информација беше отворена посебна фиша, во која беа внесени сите елементи кои се предмет на анализа и основните податоци за самата информација (весникот во кој е објавена, датумот на објавување, наслов)[4]

Во таа смисла, информациите во дневниот и неделниот печат можеме да ги анализираме квантитативно и квалитативно. Квантитативните показатели ни овозможија да утврдиме колку во медиумите се дава простор за овој феномен.

Вкупно објавени информации во дневниот печат беа 439. Од нив најмногу информации објавил „Утрински весник“ 190 , „Дневник“ 144 и нешто помалку „Нова Македонија“ 105. Оттука, анализата упатува на тоа дека дневниот печат сепак недоволно информира за процесите на глобализацијата. Исто така, мал е бројот на информациите за процесите на глобализацијата кај неделниот печат. Се обја-

---

[3] Види, поопширно кај: Корубин Јован , Масмедиумите и правото, ЗСМ, Скопје, 1994.

[4] Пример за една фиша:
- Број на фиша: 91
- Датум: 15-16.04.2000
- Наслов: Глобализацијата носи ризици, но и корисности
- Тематика: Економска глобализација
- Извор: Европска Унија
- Жанр: Извештај
- Елементи на внатрешна структура: 1, 2

Со помош на овој образец на фиша ни помогна побрзо и полесно да се снајдеме со податоците. Нумерирањето на самата фиша ни овозможи доколку е потребно таа да биде одвоена од целиот матерјал. Означувањето на датумот и насловот на информацијата, доколку е потребно, повторно да биде пронајдена во весникот, и да се утврди хронологијата на информирањето. Елементите на внатрешната структура на информациите се обележувани со броеви од 1-4 , кои ги означуваат елементите на категоријалниот апарат на информирањето.

вени вкупно 43 информации за процесите на глобализацијата. По неделници најмногу објавени информации има „Капитал“ 17, „Форум“ 12, „Актуел“ 9 и „Македонско сонце“ само 5.

Но, само бројот на информациите не е доволни да се утврди степенот на информирање. Оттука, потребно е да се направи и посебна анализа на квалитетот на информациите – што треба да ни покаже како се информирало за процесите на глобализацијата. Таа анализа се однесува на внатрешната структура на информацијата, на новинарскиот облик во кој е дадена и на изворот на информацијата т.е. кој ја дава. Секоја информација во својата содржина има внатрешна структура. Во зависност од таа структура информацијата за глобализацијата ќе добие одредени карактеристики која добива информативен, аналитички, и вредносен карактер. Врз основа на тоа ние извршивме анализа на внатрешната структура на информациите во дневно-информативниот и неделниот печат.

### а) Внатрешна структура на информациите за процесите на глобализацијата во дневно-информатиниот печат

Од обработката на ексцерпираните информации за процесите на глобализацијата во дневно-информативниот печат добивме податоци за застапеноста на поедини содржински елементи во внатрешната структура на овие информации. Тие покажаа дека некои од тие елементи се многу често присутни во информациите – станува збор за елементи од информативен карактер, а другите елементи – аналитички по својот карактер се многу помалку присутни. Тоа може да се види и од податоците добиени со анализата.

**Табела бр. 1.**

| Елемент | Број наинформации | % |
|---|---|---|
| 1. Соопштување на конкретни факти | 382 | 87,0 |
| 2. Објаснување и толкување на тие факти | 334 | 76,0 |
| 3. Анализа на тие факти | 84 | 19,1 |
| 4. Информирањето за глобалните тенденции во општеството | 45 | 10,2 |

Внатрешна структура на информациите за процесите на глобализацијата во дневно-информативниот печат

Значи првиот елемент- (соопштување на конкретни факти) е најзастапен во внатрешната структура на информациите. Тој е присутен во 87% од случаите. Најзастапен е во извештајот и вестите. Содржан е, значи пред сè во информативните жанрови.

Вториот елемент (објаснување на тие факти) се појавува често во 76% од случаите. Присутен е во коментарите и интервјуата, но го има и во извештајот.

Третиот елемент (анализа на факти) е присутен е, во 19,1% од случаи. Најчесто го среќаваме кај коментарот и интервјуто ,но го има и во извештајот.

Четвртитот елемент (информации за глобалните тенденции во општеството) застапен е многу малку, само во 10,2% од случаите.

За подобро да се види внатрешната структура на информациите за процесите на глобализацијата во дневно-информативните направивме анализа за комплетноста на информациите кон бројот на присутните елементи во секој од нив. Еве го тој преглед:

**Табела бр. 2.**

Структура на информациите во дневно-информативниот печат според нивната комплетност

| **Број на елементи** | **Број наинформации** | **%** |
|---|---|---|
| Со 1 елемент | 105 | 23,9 |
| Со 2 елемента | 259 | 59 |
| Со 3 елемента | 73 | 16,6 |
| Со 4 елемента | 2 | 0,5 |
| **Вкупно** | **439** | **100,0** |

Најбројна е онаа група на информации кои се со по два елементи, а потоа оние информации кои содржат само по еден елемент. Информации со три елементи има само 16,6%, а информации со че-

тири елементи имавме само две или 0,5%. Податоците од комплетноста на информациите во дневно-информативниот печат зборуваат дека информирањето за процесите на глобализацијата е сведено на соопштување на одредени факти и на нивно објаснување и толкување без вградување во нив повеќе елементи.

### б) Внатрешна структура на информациите за процесите на глобализацијата во неделниот печат

Внатрешната структура на информациите во неделниот печат е слична со онаа кај дневно-информативниот печат, и во таа смисла може да се рече дека застапеноста на поедини елементи укажува на квалитетот на информацијата. Да ги погледнеме, најпрво, податоците за тоа:

**Табела бр. 3.**

Внатрешната структура на информациите за процесите на глобализацијата во неделниот печат

| Елемент | Капитал | | Македонско сонце | | Актуел | | Форум | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Бр. инф | % | Бр. инф | % | Бр. инф | % | Бр. инф | % | Бр. инф | % |
| 1. Соопштување на конкретни факти | 12 | 70,5 | 5 | 100 | 8 | 88.8 | 12 | 100 | 37 | 86.0 |
| 2.Објаснување и толкување на тие факти | 14 | 82,3 | 3 | 60 | 7 | 77,7 | 8 | 66,6 | 32 | 74,4 |
| 3. Анализа на тие факти | 2 | 11,2 | / | / | 2 | 22.2 | 1 | 8,3 | 5 | 11,6 |
| 4. Информирање то за глобалните тенденции во општеството | 2 | 11.2 | 3 | 60 | / | / | 2 | 16,6 | 7 | 16,3 |

Веднаш се согледува дека од елементите на внатрешната структура на информациите за процесите на глобализацијата кај неделниот печат е најзастапен првиот елемент 86% од случаите. Веднаш после него е вториот елемент со 74,4 % од случаите, а мала е застапеноста на третиот и четвртиот елемент. Четвртиот елемент (информации за глобалните тенденции во општеството) е застапен во 16,3% од случаите, а третиот елемент (анализа на факти) се јавува само 11,6% од случаите. Тоа покажува дека информациите за процесите на глобализацијата во неделниот печат не се многу квалитетни, бидејќи се информира само преку првиот и вториот елемент. Тоа значи, дека се соопштуваат, објаснуваат и толкуваат некои конкретни факти за процесите на глобализацијата без негова поширока понатамошна елаборација. Тоа е очигледно од малото учество на информациите во кои се присутни третиот и четвртиот елемент.

Кај неделникот „Капитал“ првиот елемент (соопштување на конкретни факти) е застапен во 70% од случаите.

Вториот елемент (објаснување и толкување на факти) е најзастапен со 82,3% од случаите. Третиот елемент (анализа на факти) и четвртиот елемент (информации за глобалните тенденции во општеството се застапени во 11,7% од случаите.

Во неделникот „Македонско сонце“ првиот елемент (соопштување на конкретни факти) е застапен во 100% од информациите. Вториот и четвртиот елемент се застапени во 60% од информациите, а третиот елемент воопшто не е застапен.

Во „Актуел“ првиот елемент (соопштување на конкретни факти) е застапен во 88,8% од случаите, вториот (објаснување и толкување на факти) во 77,7%, а третиот елемент (анализа на факти) во 22,2% од случаите. Четвртиот елемент (информации за глобалните тенденции во општеството) не ги сретнавме.

Во неделникот „Форум“ првиот елемент (соопштување на конкретни факти ) е најзастапен 100% од случаите. Вториот елемент (објаснување и толкување на факти) е застапен во 66,6 % од случаите. Третиот елемент (анализа на факти) е застапен само во 8,3% од информациите. Четвртиот елемент (информации за глобалните тенденции во општеството) се присутни во 16,6% од информациите.

Таа констатација може да ја илустрираме со податоците за комплетноста на информациите.

## Табела бр. 4.

Структура на информациите за процесите на глобализацијата во неделниот печат според нивната комплетност

| Број на елементи | Капитал | | Македонско сонце | | Актуел | | Форум | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Бр. инф | % | Бр. инф | % | Бр. инф | % | Бр. инф | % | Бр. инф | % |
| Со 1 елемент | 5 | 29,5 | / | / | 3 | 33,3 | 4 | 33,3 | 12 | 27,9 |
| Со 2 елементи | 11 | 64,7 | 4 | 80 | 4 | 44,5 | 5 | 41,7 | 24 | 55,8 |
| Со 3 елемента | 1 | 5,8 | 1 | 20 | 2 | 22,2 | 3 | 25 | 7 | 16,3 |
| Со 4 елемента | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Вкупно | 17 | 100,0 | 5 | 100,0 | 9 | 100,0 | 12 | 100,0 | 43 | 100,0 |

Податоците ни покажуваат вкупна лоша внатрешна структура на информациите во неделниот печат во поглед на нивната комплетност. Преку 55% од информациите содржат само по два елементи, потоа се информациите кои содржат по еден елемент со 27,9%, а само седум од информациите или 16,3% се со по три елементи. Информации со сите четири елементи не сретнавме.

Внатрешната структура на информациите според нивната комплетност во неделникот „Капитал" ни покажува дека најбројни беа информациите со по два елементи 64,7%, потоа се информациите со еден елемент 29,5%. Сретнавме само една информација со три елементи, а информации со четири елементи немаше.

Во неделникот „Македонско сонце" најбројни се информациите со два елементи 80%, потоа се информациите со три елементи 20%. Воопшто не сретнавме информации со еден елемент и информации со четири елементи.

И кај „Актуел" доминантни се информациите со два елементи 44,5%. Информации со два елементи имаше во 33,3% од случаите, а само две информации имаше со три елементи. Не беа присутни информации со четири елементи.

Во „Форум" истотака најзастапени се информациите со два елементи 41,7%, потоа се информациите со еден елемент 33,3% и информациите со три елементи 25%. Информации со сите елементи не сретнавме.

Содржината на информациите, нивната внатрешна структура, бараат одредена форма во која информацијата ќе биде соопштена. Тој облик таа го добива во зависност од намерите на информаторот извесна содржина да ја презентира на јавноста. Таа содржина одлучува за обликот на медиумско изразување. Тоа одлучува како одредени фактите треба да се соопштат. Преку облиците на медиумско изразување, се постигнува извесен ефект кај рецепиентите во случајов читателите, тие на одредено прашање всушност ја одредуваат неговата суштинска тежина.

Облиците на информирање преставуваат еден од основните показатели во истражувањето на содржинските карактеристики на средствата за масовно информирање. За информирањето на процесите за глобализацијата тоа е од посебно значење. Во тој поглед ги добивме следните податоци:

**Табела бр. 5.**

Општ преглед на информирањето за процесите на глобализацијата според облици во дневно-информативниот печат

| Облици на информирање | Дневник | | Нова Македонија | | Утрински весник | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Бр.на инф. | % | Бр. на инф. | % | Бр. на инф | % | Бр. на инф | % |
| Вест | 32 | 22,2 | 14 | 13,3 | 34 | 17,8 | 80 | 18,2 |
| Извештај | 84 | 58,4 | 58 | 5,3 | 125 | 65,7 | 267 | 60,8 |
| Коментар | 18 | 12,5 | 26 | 3,8 | 28 | 15 | 72 | 16,4 |
| Интервју | 7 | 4,9 | 4 | 3,8 | 1 | 0,5 | 12 | 2,7 |
| Репортажа | / | / | / | / | 2 | 1,0 | 2 | 0,5 |
| Фељтон | 3 | 2,0 | 3 | 2,9 | / | / | 6 | 1,4 |
| **Вкупно** | **144** | **100,0** | **105** | **100,0** | **190** | **100,0** | **439** | **100,0** |

Како најупотребуван медиумски облик во информирањето на процесите на глобализацијата во дневно-информативниот печат, е извештајот. Во овој облик на изразување беа објавени преку 60% од информациите. Веднаш после него е веста со 18%, потоа коментарот со преку 16%. Се потврдува констатацијата дека најголемата употреба на извештајот е резултат на следењето на работата на институ-

циите и организациите чија дејност, покрај другото, е поврзана со глобализациските процеси во светот. Веста како медиумски облик на изразување е дел од информативниот карактер на дневниот печат, и оттука е големата употреба на веста како наједноставен начин јавноста да се извести, па и за процесите на глобализацијата. Коментарот како облик на изразување припаѓа на посериозните облици на изразување кои имаат аналитички карактер кој служи за објаснување на суштината на значајни настани и процеси кои на различени мислења наидуваат во јавноста.

Останатите жанрови кои исто така се употребуваат за информирање на процесите на глобализацијата се употребуваат малку.

Интервјуто е употребено само 2,7% од информациите, што според нас е малку. Тој најмногу е употребен во облик на класично интервју (прашање – одговор), а најмалку во облик на тркалезна маса.

Репортажата како облик на изразување е употребена само во 0,5% што е недоволно. Исто така слична е ситуацијата кај фељтонот. Податоците се однесуваат на вкупниот број на информации објавени кај сите дневно-информативните весници.

Посебно кај дневно-информативните весници видливо е тоа дека кај „Утрински весник“ најупотребуван облик е извештајот со 65,7%, потоа веста со 17,8% и со 15%од информациите коментарот. Застапени се интервјуто и репортажата, но нивното учество е мало.

Во „Дневник“ редоследот на употребените облици на информирање за процесите на глобализацијата, во 58,4% од информациите е употребен извештајот, но во овој весник забележливо е дека во него за разлика од другите два весници веста е најмногу употребена 22,2% од информациите. Коментарот е употребен во 12,5% од информациите, потоа после него е употребата на интервјуто 4,9% и фељтонот со 2%. Репортажата воопшто не беше употребена. Слично е и во „Нова Македонија“. Извештајот е употребен повеќе од 55%, потоа следува коментарот со 23,8% , веста со 13,3% и фељтонот со 2,9%. Може да се констатира дека од дневно-информативните весници за информирањето на процесите на глобализацијата најаналитички пристапува „Утрински весник“ со употребата на коментарите како медиумски облик на информирање. Анализата на облиците на информирањето за процесите на глобализацијата во неделниот печат ќе ги прикажеме преку следниот приказ.

**Табела бр. 6.**

Општ преглед на информирањето за процесите
на глобализацијата според облици во неделниот печат

| Облици на информирање | Капитал | | Македонско сонце | | Актуел | | Форум | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Бр.на инф | % | Бр.на инф | % | Бр.на инф | % | Бр.на инф | % | Бр.на инф | % |
| Вест | / | / | 1 | 20 | 2 | 22,2 | 2 | 16,7 | 5 | 11,6 |
| Извештај | 9 | 52,9 | 1 | 20 | 2 | 22,2 | 4 | 33,3 | 16 | 37,3 |
| Коментар | 5 | 29,5 | 3 | 60 | 3 | 33,4 | 6 | 50 | 17 | 39,5 |
| Интервју | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Репортажа | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Фељтон | 3 | 17,6 | / | | 2 | 22,2 | / | / | 5 | 11,6 |
| **Вкупно** | **17** | **100,0** | **5** | **100,0** | **9** | **100,0** | **12** | **100,0** | **43** | **100,0** |

Во неделниот печат, како што се гледа, коментарот најчесто се користи 39,5% во информирањето за процесите на глобализацијата.

Веднаш потоа е извештајот 37,3%, а потоа се веста и фељтонот со 11,6%, што говори за квалитетно информирање.

Во неделникот „Капитал" доминира извештајот 52,9% од информациите. Потоа се коментарот со 29,5% и фељтонот со 17,6%. Не стретнавме информации со употреба на веста, интервјуто и репортажата.

Во неделникот „Форум" најмногу се употребува коментарот 50% од објавените информации. Веднаш потоа е извештајот со 33,3%, и веста со 16,7%. Останатите жанрови не зедоа учество во информациите.

Во „Актуел" доминантно е учеството на коментарот со 33,4%, веднаш потоа е веста, извештајот и фељтонот. Интервјуто и репортажата како информативни облици не ги сретнавме.

Кај „Македонско сонце" најголемо учество има коментарот 60% од информациите, а по 20% од информациите имаат веста и извештајот. Интервјуто и репортажата не ги сретнавме. Од анализата во нелните весници видливо е дека сретнавме аналитичност за дообјаснување на информациите за процесите на глобализацијата. Најаналитички пристап имаат неделниците „Форум" и „Капитал".

Покрај, споменатите елементи за утврдување на квалитетот на информациите во печатените медиуми во однос на прашањето за процесите на глобализацијата беше потребно да осознаеме кои извори се користат во нашиот печат. Во дневно-информативниот печат како извори на информирање за процесите на глобализацијата се јавуваат различни општествени субјекти, но се јавуваат и информации кога изворот со сигурност не може да се утврди, бидејќи тој во информацијата не се наведува.

**Табела бр. 7.**

Општ преглед на изворите на информирањето за процесите на глобализацијата во дневно-информативниот печат

| Извор | Дневник | | Нова Македонија | | Утрински весник | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Бр.на инф | % | Бр. на инф | % | Бр. на инф | % | Бр. на инф | % |
| **Европската унија,нејзините органи** | **47** | **32,6** | **28** | **26,6** | **54** | **28,5** | **129** | **29,5** |
| НАТО | 14 | 9,8 | 9 | 8,6 | 16 | 8,4 | 39 | 8,9 |
| ММФ | 5 | 3,5 | 5 | 4,8 | 9 | 4,7 | 19 | 4,3 |
| СБ | 4 | 2,8 | 5 | 4,8 | 11 | 5,8 | 20 | 4,6 |
| СТО | 3 | 2,0 | 6 | 5,7 | 25 | 13,1 | 34 | 7,7 |
| ОН | 5 | 3,5 | 1 | 0,9 | 7 | 3,7 | 13 | 3,0 |
| Хелсиншки комитет | 4 | 2,8 | 4 | 3,9 | 6 | 3.3 | 14 | 3,2 |
| Стручни лица | 13 | 9,0 | 10 | 9,5 | 11 | 5,8 | 34 | 7,7 |
| Антиглобали. движење | 2 | 1.4 | 8 | 7.6 | 9 | 4,7 | 19 | 4.3 |
| Редакциски прилози | 6 | 4,2 | 9 | 8,6 | 10 | 5.2 | 25 | 5,7 |
| Светска здравствена организација | 3 | 2,0 | 4 | 3,8 | 8 | 4,2 | 15 | 3,4 |
| Компанијата Coca-Cola | 7 | 4,9 | 2 | 1,9 | 7 | 3,7 | 16 | 3,6 |
| Непознат извор | 31 | 21,5 | 14 | 13,4 | 17 | 8,9 | 62 | 14,1 |
| **Вкупно** | **144** | **100,0** | **105** | **100,0** | **190** | **100,0** | **439** | **100,0** |

Очегледно е, дека Европската унија и нејзините органи се најчести извори на информации 29,5%. Тоа говори во прилог на тоа дека дневно-информативниот печат ја следи работата и активностите на ЕУ и нејзините органи во сите области, па и за процесите на

глобализацијата. Во 14% од случаите конкретниот извор на информациите не е наведен, тој во основа е непознат. Со 8,9% од случаите како извор на информациите е НАТО. Потоа како извор на информациите во 7,7% се јавува СТО. Веднаш следуваат како извор на информациите стручните лица со 7,7 %. Станува збор за текстови од економисти, социолози и други стручни профли кои изнесуваат теориски ставови за процесите на глобализацијата.

Редакциските прилози, се пласирани преку новинарски коментари кои се јавуваат како извори во 5,7 % од случаите. Тие се осврти кои редакцијата сама ги подготвува изнесувајќи одредени сознанија за некој процес или глобален проблем.

Нешто повеќе од 4% застапени се изворите од СБ, ММФ и антиглобалистичкото движење. Потоа следи компанијата Coca-Cola како најголем светски бренд. Светската здравствена организација е извор на информациите во 3,4% од случаите. Хелсиншкиот комитет за човекови права се јавува како извор во 3,2% од случаите. Обединетите нации  како извор ги сретнавме во 3% од случаите.

Може да констатираме дека во дневно-информативниот печат доминантен извор е ЕУ кој го потврдува фактот на институционалното информирање за процесите на глобализацијата и тежнеењето на нашето општество да се приклучи кон европското семејство. Тоа значи дека изворите на информирањето за процесите на глобализацијата се оргинални дека тие доаѓаат од оној општествен субјект на кој му се препишуваат.

Во дневно-информативниот весник „Дневник“, Европската унија и нејзините органи 32,6% се најчести извори на информации. Веднаш се изворите кои се непознати во 21,5% од случаите. Во 9,8% од случаите се јавува како извор НАТО. Потоа како извори на информации се јавуваат стручните лица. Компанијата Coca-Cola се јавува во 4,9 % од случаите. Потоа следуваат редакциските приози, изворите од ММФ, ОН, СБ, Хелсиншки комитет и Светската здравствена организација.

Во „Утрински весник“ истотака најмногу со 28,5% како извор се јавува Европската унија и нејзините органи. Потоа како извор се јавува СТО со 13,1% од случаите. Следни се изворите кои се однесуваат на информациите чиј извор е непознат, како и изворите на НАТО. Стручните прилози и изворите од СБ се јавуваат во 5,8% од случаите. Веднаш до нив се редакциските прилози со 5,2% од случаите. Застапени се и изворите од антиглобализациското движење

со 4,7% од случаите, ММФ со 4,7% од случаите, Светската здравствена организација со 4,2% од случаите, ОН и компанијата Coca-Cola со 3,7% од случаите.

И во „Нова Македонија“ најзастапен извор е Европската унија со нејзините органи. Потоа следуваат информациите чиј извор е непознат 13,4%. Со 9,5% се застапени информациите чиј извор е од стручни лица. Редакциските прилози и изворите за процесите на глобализацијата од НАТО се јавуваат во 8,6%. Изворите на информациите од антиглобализациското движење се јавуваат во 7,6% од случаите. СТО како извор на информации за процесите на глобализацијата се јавува во 5,7% од случаите. Потоа следуваат ММФ и СБ со по 4,8% случаи. Хелсиншкиот комитет се јавува во 3,9% од случаите, а Светската трговска организација со 3,8% од случаите. Компанијата Coca-Cola како извор се јавува 1,9% од случаите, а ОН во помалку од 1%од случаите.

Кои извори на информирање се јавуваат во неделниот печат ќе се види од следните податоци:

**Табела бр. 8.**

Општ преглед на изворите на информирањето за процесите на глобализацијата во неделниот печат.

| Извор | Капитал | | Македонско сонце | | Актуел | | Форум | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Бр.на инф | % | Бр.на инф | % | Бр.на инф | % | Бр.на инф | % | Бр.на инф | % |
| ЕУ и нејзините органи | 3 | 17.6 | 1 | 20 | 2 | 22,2 | 1 | 8.3 | 7 | 16,3 |
| ММФ | 1 | 5,9 | / | / | / | / | 1 | 8,3 | 2 | 4.7 |
| СБ | 1 | 5.9 | / | / | / | / | 1 | 8.3 | 2 | 4.7 |
| ОН | / | / | 1 | 20 | / | / | / | / | 1 | 2,3 |
| Хелсиншки комитет | / | / | / | / | / | / | 1 | 8,3 | 1 | 2.3 |
| Стручни лица | 2 | 11.8 | / | / | 1 | 11.2 | / | / | 3 | 6,9 |
| Антиглобали. движење | 1 | 5,9 | 1 | 20 | 2 | 22.2 | 1 | 8,3 | 5 | 11.6 |
| Редакциски прилози | 8 | 47.0 | 2 | 40 | 4 | 44,4 | 6 | 50.2 | 20 | 46.5 |
| Компанијата Coca-Cola | 1 | 5.9 | / | / | / | / | 1 | 8.3 | 2 | 4,7 |
| **Вкупно** | **17** | **100,0** | **5** | **100,0** | **9** | **100,0** | **12** | **100,0** | **43** | **100,0** |

Во вкупниот број на информации во неделниот печат како доминантен извор на информациите за процесите на глобализацијата се редакциските прилози во 46,5% од случаите. Тие се јавуваат во коментари од страна на редакцијата на весникот, што се јавува како авторски текст. Веднаш следуваат Европската унија и нејзините органи со 16,3% од случаите. Антиглобализациското движење како извор го сретнавме во 11,6% од случаите. Стручните лица се јавуваат како извори за процесите на глобализацијата 6,9% од случаите.

Во 4,7 % од случаите како извори се јавуваат ММФ, СБ и компанијата Coca-Cola. Хелсиншкиот комитет и ОН како извори на информирање се јавуваат во 2,3%. Тоа укажува дека во неделниот печат изворите за процесите на глобализацијата главно се автентични кои се јавуваат во медиумскиот облик коментар од страна на редакцијата на весникот и другите општествени субјекти.

Во „Капитал" како најприсутен извор на информации за процесите на глобализацијата се јавуваат редакциските прилози во 47,0% од случаите. Потоа следува ЕУ со нејзините органи со 17,6% случаи. ММФ, СБ, антиглобалистичкото движење и компанијата Coca-Cola се јавуваат во 5,9% од случаите.

И кај „Македонско сонце" редакциските прилози се најдоминантни извори на информирање 40%. ЕУ и нејзините органи, ОН, и антиглобализациското движење се јавуваат со по 20% од случаите.

Истотака, во „Актуел" најзастапен извор се редакциските прилози со 44,4% од случаите. ЕУ и нејзините органи и антиглобализациското движење присутни се во 22,2% од случаите. Во 11,2% од случаите се присутни ставовите на стручните лица.

Во „Форум" во 50% од случаите се јавуваат редакциските прилози. Потоа со по 8,3% како извори на информирање се јавуваат ЕУ и нејзините органи, ММФ, СБ, Хелсиншки комитет, антиглобализациското движење и компанијата Coca-Cola.

Во неделниот печат забележливо е дека не беа присутни на пример изворите од НАТО, СТО, Светската здравствена организација и информациите чиј извор не е утврден, а беа присутни во дневно-информативниот печат.

(Рецензент: *проф. д-р Зоран Матевски*)

## ЛИТЕРАТУРА

Бек Улрих, *Шшо е глобализација?*, Тера Магика, Скопје, 2002.

Entoni Gidens, *Posledice modernosti*, Filip Višni, Beograd, 1998.

Корубин Јован, *Масмедиумиѿе и ѿравоѿо*, ЗСМ, Скопје, 1994

Lorimer Rolend, *Masovne komunikacije*, Clio, Beograd, 1999.

Tomi Zorica, *Komunikologija*, Cigoja, Beograd, 2003.

Marija DRAKULOVSKA-CUKALEVSKA

# PRINTED MEDIA AND INFORMING FOR THE PROCESSES OF GLOBALIZATION IN REPABLIC OF MACEDONIA

### Summary

*The different profile of the press condition the different level of informing about the globalization processes. In the newspaper assessment in Macedonia we have established that the media do not provide sufficient information of these processes. The presented conclusion, makes the press only a means for transmission of the globalization processes through its contents and ways of informing, and not a means for their shape, or forming of global culture and common awareness. The contents and genre component in the informing show the level of development of a society and its system. In that context we include the issue of the sources of information about the globalization processes. The transparency of the informative system depends on the transparency on the whole society. It is not enough for the sources to be transparent as long as the public can not be informed, through the mass media, about the world events. The general conclusion is that the mass media should be directed to transforming the usual ways of informing and using more sources of information in the sense of exchange of opinions and viewpoints. It should be taken into consideration that the information in general and the information about the globalization processes are a complex category still being created.*

***Keywords:*** *PRINTED, MEDIA, GLOBALIZATION, GLOBAL, CULTURE, INFORMING, INFORMATION.*